АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА

## ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО 2018-2023

Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) 2018-2023, предвидува активности за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) во „Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство“. Притоа, таа е носителка на активноста „Спроведување обуки на претставници на Совет за етика - СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН“, и партнерка за реализација на активноста „Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“.

Во 2021 година, АВМУ, самостојно или во соработка со граѓански организации ќе реализира обуки за известување за родово базирано насилство за медиумски професионалци, со оглед на фактот дека обука за вработените во Агенцијата и за претставници на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) се реализираше во декември 2020 година. Во Оперативниот план на АВМУ, за спроведување на обуките, се посочени индикаторите, соработниците при исполнувањето на обврската, временската рамка за реализирање и изворите на финансирање.

| Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорна институција/организација** | **Индикатори** | **Временска рамка** | **Извори на финансирање** |
| **Спроведување обука за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родовобазирано насилство за медиумски професионалци (по потреба и за претставници на Совет за етика во медиумите и АВМУ)** | **Носител**: АВМУ - Сектор за програмски работи - Одделение за човекови права и медиумска писменост<br><br>Во соработка со: Маргини и ХОПС<br><br>(По потреба, кога ќе биде завршен водичот за мониторинг на | Број на обучени медиумски професионалци | Активноста е предвидено да се реализира во првата половина од 2021 година | Средства од проектот „Different discours better reality, media combating gender based violence - Strenghtening media literacy on GBV“, финансиски поддршан од UN Women Носител на проект: ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, Партнери: Коалиција Маргини и Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Поддршка од АВМУ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | известувањето за родовобазирано насилство, што се работи во рамки на проектот ЈУФРЕКС2, може да се организира и дополнителна работилница самостојно или во рамки на ЈУФРЕКС 2) | | | (По потреба, со средства или од проектот ЈУФРЕКС 2 „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Република Северна Македонија“ или од буџетот на АВМУ) |

**Забелешка:**

Како што е погоре посочено, Агенцијата е институција – партнерка при реализација на активноста: *„Спроведување национална медиумска кампања за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство/промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“*, во **Цел 3: Превенција на родово-базираното насилство и семејното насилство (одговорна институција е Влада на РСМ, а други субјекти – партнери се: МТСП, МЗ, МРТВ, ГО).**

Доколку Владата, како носителка на оваа активност, предвиди кампања за 2021 година, Агенцијата, на нејзино барање, ќе соработува во рамките на своите капацитети и можности.

Бр. 03-329/1

26.01.2021 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**